**До:**

____________________________________

____________________________________

**Предмет: Покана за номинирање на Ваши вработени за учество на обуката:**

## *АКО МИСЛИТЕ ДЕКА ЗНАЕТЕ СЀ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, ПОМИСЛЕТЕ ПОВТОРНО!*

### Јавни набавки под притисок: Време е за поинаков пристап!!

Почитувани,

Јавните набавки никогаш не биле едноставни. Колку и да мислиме дека ги разбираме процедурите, законите и ризиците – секојдневните предизвици нѐ потсетуваат дека има уште многу што треба да се научи. Затоа со задоволство Ве покануваме на специјализирана обука на тема: **„АКО МИСЛИТЕ ДЕКА ЗНАЕТЕ СЀ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, ПОМИСЛЕТЕ ПОВТОРНО!“** која што ќе се реализира од 29 – 31 мај 2025 во **Olympian Bay Grand Resort 4*, Leptokaria, Greece.**

Јавните набавки се еден од најчувствителните и најважните процеси во работењето на секој договорен орган. Сепак, човечкиот фактор останува клучен, па оттука произлегуваат и ризиците од субјективност, недоволна проверка и несоодветно управување со јавните набавки. Затоа добро е секогаш да бидеме информирани за новините и да го обновуваме знаењето од оваа област.

### *Вашата улога како раководно лице!*

Ние ги охрабруваме раководните лица да ги идентификуваат и номинираат вработените кои секојдневно се справуваат со овие предизвици. Правилниот избор на учесници ќе резултира со подобра ефективност, сигурност и усогласеност на процесите во Вашата институција.

### *Зошто да се учествува на обуката?*

**Посебен акцент** на оваа обука ќе се даде на разработување на актуелните прашања и предизвици што произлегоа од **последните надградби на Електронскиот систем за јавни набавки, практичен приказ на новиот начин на ОБЈАВА НА ОГЛАС и пополнување на ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОГЛАС** - различни опции на **темплејти за брзо пополнување** на набавка со повеќе ставки/неделива и делива набавка, препораки за најчестите грешки кои ги прават договорните органи при **дефинирање на образец на техничка понуда и документ за техничка спецификација, специфики при набавка на работи,** од гледна точка на договорниот орган, како и од страна на понудувачот, процес на Евалуација – **нов начин на проверка на дигиталните сертификати и временскиот печат**, како до најлесно и најбрзо **ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА – можност за прикачување на група на документи** – подредување на документите наместо досегашното користење на .zip формат, најчести пропусти при **дигиталното потпишување,** решение за потпишување на **заклучени документи,** документи со **повеќе потписи** итн.

Исто така, за време на оваа обука во детали ќе ги разгледаме и **останатите алатки кои се имплементирани на ЕСЈН и на е-Пазар**, препораки и укажувања на **ДО (договорни органи)** и **ЕО (економски оператори)** за побрзо и **ПОУСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.**

За дополнителни информации околу обуката контактирајте не на тел: **+389 72 222 101,** или на **+389 71 222 101** како и на email: primal@primaleducenter.com или seminar@primal.edu.mk.

Со почит,

Со најголемо задоволство ве известуваме дека обуката ќе ја изведуваат водечки експерти од областа на јавни набавки со долгогодишно искуство како предавачи:

**М-р Марија Јованоска –**

Лидер на тимот за имплементација, одржување и развој на Електронскиот систем за јавни набавки и унапредување на истиот со воведување на нови електронски алатки и најдобри практики во областа, како и на тимот за имплементација и развој на Електронскиот пазар за набавки од мала вредност. Во Бирото за јавни набавки од неговото основање во 2004 година, а последните десетина години како Раководител на сектор. Активно учествуваше во изработката на новиот Закон за јавни набавки (2019) како и во сите претходни законски решенија, подзаконски акти, прирачници, модели на тендерски документи, активно учествува во изготвување на најразлични статистички анализи на податоците за јавни набавки и врз основа на добиените резултати предлага мерки за унапредување и воспоставување на потранспарентен и поефикасен систем на јавна потрошувачка и подобрување на бизнис климата во земјата. Во текот на својата работа, учествува на голем број семинари, обуки и конференции во земјата и во странство. Вклучена е во голем број на проекти управувани од ЕК, СИГМА, Светска банка, ГИЗ и УСАИД. Поседува големо познавање на ЕУ директивите, активен член е на експертска група за електронски набавки (ЕХЕР) формирана од ЕК. Сертифициран обучувач е од воспоставувањето на програмата за едукација за јавни набавки со одржани голем број обуки наменети за лица кои спроведуваат законот (ДО) и лицата кои поднесуваат понуди за јавни набавки (ЕО). Сертифициран обучувач е од ITC-ILO International Training Centre – Торино, Италија. Поседува и меѓународни сертифитикати од UNDP/CIPS (level 2, 3 и 4). Автор е и ко-автор на голем број стручни трудови, практикуми, прирачници и брошури за различни теми од областа на јавните набавки и електронските алатки.

**М-р Горан Давидовски -**

Моментално работи на позиција Помошник раководител на секторот за управување на ЕСЈН) и следење на системот за јавни набавки. Учествуваше во работната група која во 2009 го разви и имплементираше постоечкиот ЕСЈН и во текот на годините е вклучен во сите аспекти од развојот и унапредувањето на ЕСЈН. Исто така, дел е од тимот кој работи на имплементација и развој на Електронскиот пазар за набавки од мала вредност. Зема учество како клучен експерт во неколку проекти за развој на системот за јавните набавки во Македонија, управувани од УСАИД, Европската Комисија (ЕК) и Светската Банка. Поседува големо искуство во областа на јавните набавки на национално ниво, познавање на ЕУ директивите, како и искуство и познавање во спроведувањето на постапките на меѓународните финансиски организации (СБ, ММФ, УН итн.). Дел е од работната група која го изготви новиот Закон за јавни набавки (2019 година). Работи и како обучувач за јавни набавки, како за институциите од државниот и јавен сектор, така и за приватните компании, со голем број на реализирани тренинг сесии во изминативе години. Поседува сертификат за национален обучувач, а исто така има лиценца за обучувач на ЕУ ниво добиена од ITC-ILO центарот во Торино. Неодамна се здоби со Диплома за стратешки јавни набавки издадена од UNDP/CIPS. Автор е и коавтор на повеќе публикации, истражувања и книги поврзани со јавните набавки и е-Набавките.

**М-р Лулзим Адили –**

Гостин предавач за областа деловна етика и интегритет во Јавните Набавки. Тој е сертифициран меѓународен предавач за деловна комуникација, лидерство, преговарање, екзекутивен коуч, член на иститутот за коучинг при Харвард Универзитетот.

## *Наша методологија на работа!*

Обуката ќе се одвива преку најсовремени интерактивни методи кои овозможуваат долгорочно задржување на новостекнатото знаење која вклучува **демонстрации, групни дискусии и интерактивни презентации** и сето тоа во крајно доверлива и релаксирана атмосфера.

На оваа обука учесниците ќе имаат **единствена** можност да учествувате на презентациите и сесиите, како и можност за консултации за реални проблеми, со обучувачи кои имаат долгогодишно искуство од сите аспекти од областа на јавните набавки и тоа преку:

- Идентификација и решавање на реални проблеми во областа јавни набавки;
- Дополнување на знаењето преку директна комуникација и специјализирани презентации
- Слободно вклучување во дискусија, интерактивен начин на обука, можност за размена на искуства;
- Размена на мислења и дискусија со предавачите кои имаат долгогодишно искуство во јавните набавки и се одговорни за функционирањето на Електронскиот систем за јавни набавки и развој на Електронскиот пазар за набавки од мала вредност
- Тим од стручни сертифицирани предавачи на домашно и меѓународно ниво, каде се споени искуството во работа на постапки, како и искуството во креирање на политики и стратегии во областа на јавните набавки.

## *Инвестирањето за оваа обука изнесува:*

| | |
|---|---|
| **Цена по учесник во еднокреветна соба** | **31,900.00* ден** |
| **Цена по учесник во двокреветна соба** | **25,900.00* ден** |

***За двајца и повеќе учесници од иста организација следува попуст од 2,000.00 ден по учесник!**

Пријавувањето ќе трае додека не се пополнат резервираните соби во Хотелот. Крајниот рок за пријавување е **23 мај 2025** и ова важи само ако има слободни соби!

## *Во цената е вклучено:*

- Котизација за обуката според наведената програма,
- Сертификат за активно учество на обуката,
- Автобуски превоз,
- Престој во хотел три дена, 2 ноќевања

*Логистиката на патувањето и деталната агенда за обуката ќе биде испратена до сите пријавени учесници два дена пред тргнување.*